ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска бб , п.фах 32 , 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk

**До:** ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Предмет:** Предлози по нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност во процесот на спречување и третирање на ризиците од природни непогоди“

04.03 2013

15 375/1

Почитувани,

Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Македонија го достави на мислење нацрт Извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност во процесот на спречување и третирање на ризиците од природни непогоди“ до општините, при што до ЗЕЛС пристигнаа следните сугестии дадени во насока на подобрување на текстот на Извештајот, и тоа:

1. Потребно е да се определат лица во надлежните организации што ќе вршат инструкторска-надзорна дејност, тековно во локалните самоуправи;
2. По изготвување на процената на загрозеноста од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општина Ѓорче Петров од страна на Регионалниот центар за управување со кризи-Карпош, процената да се промовира од страна на РЦУК Карпош пред Советот на општина Ѓорче Петров за истата да биде донесена од Советот;
3. Да се организираат работилници со ангажираните лица во локалните самоуправи, кои работат на содржини за подготвување акти од областа на управувањето со кризи и заштита и спасување, со цел да се добие квалитет во подготовка и донесување квалитетни документи и можност истите да ја одразат реалната слика за локалните подрачја, односно да бидат применливи во евентуални состојби. Работилниците да бидат по региони и тоа по четири во првата година, а во следните најмалку по две во тековните години;
4. Да се практикува во иднина планирање и реализирање на вежбовни активности согласно мерките од областа на управување и справување со кризи и заштита и спасување. Ова со цел да се оспособат лицата кои работат на овие проблеми , како

и извршителите, а во насока на реално подобрување на планските региони по евентуални одредени состојби;

5. Локалните самоуправи во остварувањето на законските обврски кои произлегуваат од областа на подготвување за управување и справување со евентуални кризи и заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, отворено наидуваат на проблеми со финансирање. Ова прашање според нас заслужува посветеност и заложба достојно да се проучи и да се изнајде модус за негово надминување и разрешување на соодветен начин.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

0204-154/2
21.02.2013
Скопје

Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија
Извршен директор,
Душица Перишиќ

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ
ЗДРУЖЕНИЕ НА ОПШТИНИ
ЗЕЛС
СКОПЈЕ